**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ВТОР КВАРТАЛ, 2022 ГОДИНА

јули 2022 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1;2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменетост на кредитните услови, исто како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити, за разлика од непроменетост на побарувачката во претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал од 2022 година: нето-заострување на условите за одобрување кредити, при мало-нето зголемување на побарувачката за корпоративните кредити.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, послабо во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити на домаќинствата, послабо во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал од 2022 година: нето-заострување на кредитните услови, при нето-намалување на побарувачката на кредити од страна на домаќинствата.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, посилно во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: непроменета побарувачка на вкупните корпоративни кредити, исто како и во претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал од 2022 година: нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, при непроменетост на побарувачката за корпоративни кредити.

---

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог, којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.
[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најде на следнава врска: Временска серија по групи банки.

**Кредити на домаќинствата**

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, послабо во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на кредити на домаќинствата, слично како и во претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал од 2022 година: нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, при нето-зголемување на побарувачката од страна на домаќинствата.

***Мали банки***

**Кредити на претпријатијата**

- Кредитна политика: непроменетост на условите за одобрување корпоративни кредити, исто како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на корпоративни кредити, исто како и во претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал од 2022 година: непроменетост на кредитните услови, при нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити.

**Кредити на домаќинствата**

- Кредитна политика: нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, за разлика од малото нето-заострување на условите во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на кредитите на домаќинствата, посилно во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал од 2022 година: непроменетост на кредитните услови и мало нето-зголемување на кредитната побарувачка од страна на домаќинствата.